# Тавитјан на тапанарски фестивал во Белград



Тапанарскиот спектакл за прв пат ги обедини најпознатите тапанарски легенди од регионот, меѓу кои беа и оние на "Рибља чорба", ЕКВ, "Корни група", "Бајага и инструктори", "Ван Гог", "Кербер", "Парни ваљак" и "Бијело дугме"

Гарабет и Гаро Тавитјан беа специјални гости на големиот тапанарски спектакл во Белград, во организација на Драгољуб Ѓуричиќ и на реномираното ателје "212". Ова шоу за прв пат ги обедини најпознатите тапанарски легенди од регионот, меѓу кои беа и оние од "Рибља чорба", ЕКВ, "Корни група", "Бајага и инструктори", "Ван Гог", "Кербер", "Парни ваљак", "Бијело дугме", како и познати тапанари од странство. Во публиката беа и Оливер Мандиќ, Рамбо Амадеус и повеќемина познати српски актери.

Гаро и Гарабет беа најавени како ексклузивни гости од Македонија, а беа и единствените со свој соло-настап на оваа манифестација.

Браќата Тавитјан оваа година имаат исклучителна концертна агенда, во чии рамки е и нивната светска турнеја низ Америка, Европа и Австралија. Во тек е и работата на третиот дел од албумот вМакедонското срце чука во 7/8г, на кој ќе се најдат реномирани светски имиња, во чест на Македонија.

*(М.Ц.)*

# Кристина Димитријевска - полуфиналистка за "Зимска убавица на Македонија"

Тетовката Кристина Димитријевска (16) победи на полуфиналната вечер во рамките на изборот "Зимска убавица на Македонија 2013", завчера, во клубот "Стефано" во Кичево. Прва придружничка ѝ е Мартина Димитрова (20) од Скопје, а втора Катарина Велкова (18), исто така, од Скопје.

Полуфиналињата ќе се одржуваат до средината на март, кога ќе се одржи финалето во скопската дискотека "Колосеум". Зимската убавица на Македонија ќе ја претставува земјата на еден од интернационалните избори за убавина за кои модното студио "Црнокрак" поседува лиценци.




# МРТ ќе трага по ѕвезди за музичкото шоу "Сите наши песни"

Македонската радиотелевизија, преку аудиција, започнува потрага по талентирани вокали за музичкото ТВ-шоу "Сите нашие песни", кое го најавува како грандиозно. Потрагата по нови музички ѕвезди ќе започне со натпревар на млади пејачки таленти од два града, во секоја емисија, по што ќе следуваат други два града. Потоа ќе се спроведе систем на елиминација и пласман во четврт-финале, полуфинале и финале. За елиминацијата ќе одлучува стручно жири од еминентни имиња од македонската музичка сцена.

Домаќини во музичката арена ќе бидат Каролина Петковска и Димитар Атанасовски.

# Киро Урдин со награда за животно дело на "Златна бубамара"

Уметникот и режисер Киро Урдин е добитникот на втората награда за животно дело на манифестацијата "Златна бубамара на популарноста", покрај онаа за фолк-дамата Виолета Томовска. Урдин живее во Париз, Франција, и се очекува да допатува во Скопје специјално за наградата.

Манифестацијата "Златна бубамара на популарноста" ќе се одржи в четврток, во Универзалната сала во Скопје.

*(В.М.)*